Врз основа на членот 158-ѕ, точка 1), членот 74, точки 2) и 9) и членот 104, став (1) точка 1) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр.27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 08/08, 88/08, 56/09 и 67/10), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување донесе:

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување на Правилникот за видовите и описот на ставки што ќе се земат предвид при пресметка на капиталот на друштво за осигурување и/или реосигурување**

**Член 1**

Во преамбулата на Правилникот за видовите и описот на ставки што ќе се земат предвид при пресметка на капиталот на друштво за осигурување и/или реосигурување („Службен весник на РМ“ бр. 5/2011), зборовите„точка 2“ после „членот 104“ се заменуваат со зборовите„став (1) точка 1)“.

**Член 2**

Образецот „КС: Пресметка на капиталот“ од Прилогот кон Правилникот за видовите и описот на ставки што ќе се земат предвид при пресметка на капиталот на друштво за осигурување и/или реосигурување, се заменува со нов образец„КС: Пресметка на капиталот“, кој е во Прилог на овој Правилник.

**Член 3**

Во Упатството за пополнување на Образецот КС- Пресметка на капиталот, во делот за Одбитни ставки, во првата реченица, зборовите „IV.1., IV.2. и IV.3“ се заменуваат со „IV.1. и IV.2“.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

**Бр 0101-894/8**
**25.02.2011 година**
**Скопје**

**Претседател на Советот на експерти на Агенцијата**
**д-р Климе Попоски**

(назив на друштво)
(период)
(тековна година)

# КС: Пресметка на капиталот

| | Ознака | Износ |
|---|---|---|
| | | 100 |
| **Основен капитал, чл. 69 (I1+I2+I3+I4+I5-I6-I7-I8)** | **I** | **0** |
| Уплатен акционерски капитал со исклучок на уплатениот акционерски капитал од кумулативни приоритетни акции | I1 | |
| Премии од емитирани обични акции | I2 | |
| Законски и статутарни резерви | I3 | |
| Пренесена нераспределена добивка | I4 | |
| Нераспределена добивка од тековната година | I5 | |
| Сопствени акции кои ги поседува друштвото за осигурување | I6 | |
| Долгорочни нематеријални средства | I7 | |
| Пренесена непокриена загуба и загуба од тековната година | I8 | |
| **Дополнителен капитал, чл. 71 (II1+II2+II3+II4), доколку не е поголем од 50% од основниот капитал** | **II** | **0** |
| Уплатен акционерски капитал од кумулативни приоритетни акции | II1 | |
| Премии од емитирани кумулативни приоритетни акции | II2 | |
| Субординирани должнички инструменти | II3 | |
| Хартии од вредност со неопределен рок на доспевање | II4 | |
| **Вкупно основен и дополнителен капитал I.+II.** | **III** | **0** |
| **Одбивни ставки, чл. 72 (IV1+IV2)** | **IV** | **0** |
| Вложувања во акции во правни лица од членот 72 од Законот | IV1 | |
| Вложувања во субординирани должнички инструменти и други вложувања во правни лица од членот 72 од ЗСО | IV2 | |
| **КАПИТАЛ I + II - IV** | **V** | **0** |

| | | |
|---|---|---|
| Потребно ниво на маргина на солвентност (за друштва за неживотно осигурување) | VI1 | 0 |
| Потребно ниво на маргина на солвентност (за друштва за осигурување на живот) | VI2 | 0 |
| Капитал | VI3 | 0 |
| Гарантен фонд* | VI4 | |
| Вишок/недостаток на Капитал во однос на Гарантен фонд (VI5 = VI3 -VI4) | VI5 | 0 |
| Вишок/недостаток на Капитал (за неживотно осигурување) во однос на Потребно ниво на маргина на солвентност (за друштва за неживотно осигурување) (VI6 = VI3 - VI1) | VI6 | 0 |
| Вишок/недостаток на Капитал (за осигурување на живот) во однос на Потребно ниво на маргина на солвентност (за друштва за осигурување на живот) (VI7 = VI3 - VI2 ) | VI7 | 0 |

*Гарантниот фонд е дефиниран во член 77 од Законот и претставува 1/3 од потребното ниво на маргина на солвентност, но не смее да биде понизок од соодвениот износ наведен во член 77 став 2 од Законот

Изработил:________________ Контролирал:______________ Одобрил:__________________